РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште "СТЕФАН ГАЈДОВ"
Бр. 03-364/1
12-11 2024 год.
ВЕЛЕС

Друштво за градежништво, трговија и услуги
ДАВИДО-ИНВЕСТ ДООЕЛ
Бр. 24-11/49
12.11. 2024 год.
СКОПЈЕ

**ООМУ „СТЕФАН ГАЈДОВ“**
**03-364/1**
**12.11.2024**
**Велес**

**Измена на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност**
**„Реконструкција на кров”**

**Склучен на ден 12.11.2024 година, во Велес помеѓу следните**

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1. **ООМУ„Стефан Гајдов“** со седиште на ул. „Благој Нечев“ бр.8, Велес, со ЕМБС 4025679 застапувана од Директор Габриела Бачманова**,** (во понатамошниот текст „**Договорен орган**“, односно, „**Нарачувач**“) од една страна,и

2. **ДГТУ „ДАВИДО – ИНВЕСТ“ ДООЕЛ**, со седиште на ул. „Партизански одреди“ бр. 171 а/3-46 1000 Скопје застапувано од одговорно лице **Ангел Саздов,** со ЕМБС 6988024 (во понатамошниот текст „**Носител на набавката**“ односно „**Изведувач**“) од друга страна.

Согласно :

**Член 119, став 1 точка 3**

(1) Договорот за јавна набавка или рамковната спогодба може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка во следниве случаи:

3.доколку промената е потребна поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба

**Член 1**

Предмет за измена на договорот за јавна набавка на Работи : **„Реконструкција на кров“**

Постапката е спроведена како Поедноставена отворена постапка за јавна набавка на работи бр.16224/2, објавена на ВЕБ страната на Бирото за јавни набавки од 13.09.2023 година врз основа на одлука за јавна набавка број бр. 02-325/1 од 13.09.2023 година.

Потребата за измена на договорот е дефинирана врз основа на констатација од надзорниот орган за вишок на количини евидентирани во градежна книга.

**Член 2**

**Потребата за измена на договорот е следна :**

Поради утврдени зголемени количини констатирани со градежна книга од страна на надзорниот орган, од истата констатација произлегува договорниот орган ООМУ„Стефан Гајдов“ Велес и економскиот оператор ДТГУ „ДАВИДО-ИНВЕСТ“ ДООЕЛ да направат измена на

договорот чиј предмет е „Реконструкција на кров“, потпишан на ден 30.10.2023 со архивски број 03-351/1.

**Член 3**

**Членот 2 од основниот Договор со бр 03-351/1 од 30.10.2023 се менува согласно произнесеното во членот 2 од овој договор и ќе гласи:**

Вкупна вредност на основниот договор изнесува 1.001.553,00 денари со вкучен ДДВ, цена без ДДВ 848.774,00 денари и ДДВ 152.779,00 денари, а со констатираните вишок количини од страна на надзорниот орган вкупната вредност се зголемува за 199.340,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 4**

Останатите одредби од Договорот со бр. бр 03-351/1 од 30.10.2023 година остануваат непроменети.

**Член 5**

Оваа измена на договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**Договорен орган**
**ООМУ„Стефан Гајдов“**
**Велес**

**Изведувач**
**ДГТУ„ДАВИДО-ИНВЕСТ“ ДООЕЛ**
**Одговорно лице**
**Ангел Саздов**